# Службен гласник

| Број 69 | 19.02.2021 година |
|---|---|

## на Општина Кавадарци


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2); | 6 |
| Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2) | 6 |
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот “Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок19к во населба Бел Камен,, ; | 7 |
| Одлука за кофинансирање на Проектот “Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок19к во населба Бел Камен,, ; | 8 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година; | 9 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година; | 9 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија; | 12 |
| Одлука за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија; | 12 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,, | 13 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,, | 14 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 15 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 15 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 17 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 17 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година; | 18 |
| Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година; | 19 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци; | 20 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци; | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци; | 21 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци; | 22 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | 22 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | 23 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци; | 24 |
| Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци; | 24 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци; | 25 |
| Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци; | 26 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци; | 27 |
| Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци; | 28 |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци; | 31 |
| | |

| | |
|---|---|
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци; | 30 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх..02-168/3 од 09.02.2021 година, за организирање на подржница бр.1, донесена од ЈП „Комуанлец„ ; | 32 |
| Одлука за давање согласност на Одлука со арх..02-168/3 од 09.02.2021 година, за организирање на подржница бр.1, донесена од ЈП „Комуанлец„ | 32 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Извештај со арх. бр.02-326/1 од 27.01.2021 година за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2020-31.12.2020 година; | 33 |
| Одлука за усвојување на Извештај со арх. бр.02-326/1 од 27.01.2021 година за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2020-31.12.2020 година; | 34 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Информација со арх.бр.03-674/1 од 10.02.2021 година,донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; | 35 |
| Одлука за давање согласност на Информација со арх.бр.03-674/1 од 10.02.2021 година,донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; | 35 |
| Решение за објавување на Одлука со арх.бр. 02-38/1 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година; | 36 |
| Одлука со арх.бр. 02-38/1 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година; | 37 |
| Решение за објавување на Одлука со арх.бр. 02-38/2 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година; | 37 |
| Одлука со арх.бр. 02-38/2 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година; | 38 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година; | 39 |
| Одлука за усвојување на Годишен Извештај на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година; | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2021 година; | 40 |
| Одлука за усвојување Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2021 година; | 41 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци; | 41 |
| Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци; | 42 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП„Јасмин„ Кавадарци; | 42 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП„Јасмин„ Кавадарци; | 43 |
| Решение за објавување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2021 година; | 44 |
| Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2021 година; | 44 |
| Решение за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење по Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„ Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Баров Дол„ ; | 48 |
| Заклучок за давање позитивно мислење по Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„ Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Баров Дол„ | 49 |
| Решение за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење по Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води, бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„ Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Папрад„ ; | 49 |
| Заклучок за давање позитивно мислење по Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води, бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„ Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Папрад„ ; | 50 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на закупецот за реконструкција, пренамена и адаптација на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец, сопственост на Општина Кавадарци ; | 51 |
| Одлука за давање согласност на закупецот за реконструкција, пренамена и адаптација на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец, сопственост на Општина Кавадарци ; | 51 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-48/3 од 08.02.2021 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа; | 52 |

| | |
|---|---|
| Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-48/3 од 08.02.2021 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа; | 53 |
| Решение за објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект; | 53 |
| Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект; | 54 |
| Решение за објавување Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 55 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/20 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 55 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-1143/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **19.02.2021 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на грант-проект на општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува реализација на проект на Општина Кавадарци, согласно Договор за под-заем во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2, потпишан помеѓу Општина Кавадарци и Министерство за финансии за импементација на под-проектот „Реконструкција на водоводна линија за краци на улица „Илинденска, крак на улица„ Маршал Тито„ со асфалтирање„. Грант средства за сиромашни области/социјална вклученост, во висина од 27% од износот на основниот договор за реконструкција на водоводна линија и асфалтирање односно 3. 152 .228 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект.

**Член 2**

Согласно урбаната ревизија која беше подготвена за Општина Кавадарци беа идентификувани три населени места како сиромашни области/социјална вклученост, и тоа урбаната заедница „Киро Крстев „ и руралните заедници Глишиќ и Сопот. Согласно урбаната ревизија, с.Сопот е рангирано како најсиромашно населено место во општина Кавадарци, односно село со мал индекс или ниски услови за живот и развој за кое е идентификувана потреба за:

1. Реконструкција на водоводната линија за краци на улица-„Илинденска„ и крак на улица „Маршал Тито„ во должина од 550 метри, како и асфлатирање на ул„Маршал Тито„.

**Член 3**

Согласно предмер пресметката проценетата вредност на проектот е: 4.301.679,74 МКД без вклучен ДДВ, односно 5.075.982,09 денари со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-888/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.02.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот "Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок19к во населба Бел Камен„**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за кофинансирање на Проектот "Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок19к во населба Бел Камен„ донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/2** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.02.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на Проектот"Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок 19К во населба Бел Камен„**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци во проектот "Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок 19к во населба Бел Камен".

Проектот опфаќа поставување на фекална канализација во населба „Бел Камен„ во должина од 1346 метри.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот "Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок 19К во населба „Бел Камен" е во износ од 8. 832 .878 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2, во износ од 6.183 015 денари, ке се обезбедат од Министерство за животна средина и просторно планирање, а Општина Кавадарци ќе обезбеди дополнителни средства за кофинансирање на овој проект во висина од 30% или 2.649.863 денари, кои ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-888/2** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **17.02.2021 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/3**
**19.02.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.. Гласник на општина Кавадарци” бр.8/2005...... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2021 година

Во Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2021 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/2020), се вршат следните измени и дополнувања :

I. Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој

- После под-глава 10, се ДОДАВА нова под-глава 11 која гласи:

- „Уредување на партерно- дворно место на Полошки манастир "Св. Вмч Георги" - Македонска Православна Црква –трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци 2021 година, во износ од 2 600 000 денари.

II. Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој

- После под-глава 11, се ДОДАВА под-глава 12 која гласи:
- "Проект за Инсталирање на мерни станици за Смарт Земјоделство за општините Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија". Општина Кавадарци во 2021 година ќе го реализира овој регионален проект заедно со општините Росоман, Неготино и Демир Капија. Вкупната вредност на проектот изнесува 10. 000. 000 денари, а сопственото учество на општина Кавадарци изнесува 450.000 денари, за набавка и поставување на 18 мерни станици. Со поставувањето на мерните станици ќе се овозможи електронски мониторинг на атмосферските влијанија врз земјоделско обработливите површини на територијата на општина Кавадарци, односно на лозово- овоштарските насади.

III. Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој

- После под-глава 12, се ДОДАВА нова под-глава 13 која гласи:

- „Проект за поддршка и развој на лозарство и винарство - Градска Винотека".Проектот има за цел промоција и поддршка на винарството и лозарството како и развивање на винскиот туризам преку создавање на едукативно катче "Градска Винотека". Градска Винотека на актери од обласга на лозарство и винарство ќе им овозможи соработка и споделување на искуства преку организирање на саеми, работилници, тренинзи, дегустациии организирање на традиционални настани како Свети Трифун и Тиквешки Гроздобер. Проектот ќе се аплицира во 2021 година.

IV. Во Глава 4 Екологија

- После под-глава 6, се ДОДАВА нова под-глава 7 која гласи:

-„Проект за заштита од вируси и бактерии по површини кои се изложени на голема фрекфенција на луѓе со антимикробранова фолија." Со овој проект, активностите се насочени кон иновативни продукти, односно набавка на антимикробна фолија, која редуцира присуство на вирус или бактерија за 95% во првите 15мин и до 99,99% во првиот час. Објектот во кој површините би биле заштитени со оваа фолија, покрај реалната заштита (5 години) дава гаранција за сузбивање на сите микроби. Овој продукт е патентиран, произведен во Франција од реномираната компанија Hexis за потребите на француските медицински лабаратории и е уникатен од овој вид. Фолијата може да се имплементира во сите градинки и училишта на површини како што се детски масички, мензи, работни маси, и секаде каде што има висока фреквенција на допири. Фолијата е дерматолошки испитана и ги има сите потребни сертификати. Општина Кавадарци во 2021 година, ќе аплицира до соодветни домашни и меѓународни донатори за изнаоѓање на грант средства за реализација на овој проект.

V. Во Глава 4 Екологија

- После Глава 1 став 1 се ДОДАВА нов став 2 кој гласи:

Согласно Јавниот повик за реализација на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година, монтажата како и надзорот на целокупната инсталација и монтажа ќе бидат на товар на општина Кавадарци.

VI. Во Глава 7. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- После став 6, се ДОДАВА нов став 7 кој гласи:

„Уредување на партерно- дворно место на Полошки манастир "Св. Вмч Георги" - Македонска Православна Црква. Средствата во износ од 2.600. 000 денари се обезбедени во Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година во Програма ГА.

- После став 7, се ДОДАВА нов став 8 кој гласи:

"Проект за Инсталирање на мерни станици за Смарт Земјоделство за општините Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија". Потребно е да се обезбедат финансиски средства во висина од 450. 000 денари во Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година.

- После став 8, се ДОДАВА нов став 9 кој гласи:

  Согласно Јавниот повик за реализација на програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година, во Буџетот на општина Кавадарци се предвидени финансиски средства во висина од 200. 000 денари.

VII.Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

VIII. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-888/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.02.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/4**
**19.02.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05....... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава донација - финансиски средства во износ од 2.600.000,00 денари на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија Скопје, со седиште на ул.”Булевар Партизански Одреди” бр.12 Скопје, за уредување на партерно – дворно место на Полошкиот манастир, “Св. Вмч Георги”, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес, уредување на просторот, развојот на граѓанското општество, согласно член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/2002).

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како давател на донацијата да склучи Договор за донација со примателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-888/4** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **17.02.2021 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект**

**„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.02.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 18 и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.61/04...209/18 I „Сл.Весник на РСМ„ бр.244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.Весник на РМ„ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05.....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци**
**за финансирање**
**на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„**

**Член 1**

Во Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„ со.арх.08-4323/1 од 14.08.2020 година, („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.60/20), се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 , се брише точката на крајот од реченицата, се става запирка и се додава следниот текст:

„од кои износ од 102.616.159,00 денари со вклучен ДДВ, се со намена за градежни работи за изградба на Градски Пазар со подземен паркинг , во две нивоа покриен со настрешници и изградба на улица „1„ -Зелен Пазар-асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура, и износ од 15.383.841,00 денари со вклучен ДДВ, со намена за опрема на Градски Пазар„.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-888/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.02.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/6**
**19.02.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка ("Сл.весник на РМ" бр.79/05 .....124/10), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05..... .......64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за судско порамнување**

**за судски предмет МАЛВП.бр.37/2020**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. **МАЛВП.бр.37/2020** каде како Тужител се јавува Маричка Василева од Кавадарци со место на живеење на ул.Ресавска бр.21, застапувана од адвокат Петре Мишков од Кавадарци, а како тужена страна се јавуваат Општина

Кавадарци застапувана од Градоначалникот М-р Митко Јанчев од Кавадарци и ЈП Комуналец Кавадарци застапувана од директор Ѓорѓи Поп-Ицов, преку полномошник Адвокат Никола Тодоров од Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 4-18, со број на лиценца 4161, e-mail: advokat@nikolatodorov.mk, со е- сандаче за судска достава: Nikola Todorov, со предмет на спор - Надомест на материјална штета, со вредност на спорот во вкупен износ од **29.288,00 денари**.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да го ополномошти адвокатот кој ја застапува Општина Кавадарци во овој предмет, да склучи судско порамнување со следната содржина:

”С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е

1. Тужителот преку полномошник Петре Мишков од Кавадарци го повлекува тужбеното барање спрема ЈП Комуналец Кавадарци а останува на тужбеното барање спрема Општина Кавадарци на име надомест на материјална штета во износ од 29.288,00 денари, кое се однесува на настаната поплава/излевање на вода од уличната фекална мрежа во подрумските простории на тужителот, детално опишана во архитектонското вештачење во списите на судскиот предмет.

2. Тужениот Општина Кавадарци, СОГЛАСНА Е со прецизираното тужбено барање на тужителот спрема Општина Кавадарци на име надомест на материјална штета во износ од 29.288,00 денари, и истовремено потврдува дека Е СОГЛАСНА овој износ да го исплати на сметка на тужителот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судското порамнување, зголемен за износот на трошоци на постапката во износ од 34.401,00 денари, а сето под страв на присилно извршување.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под бр. **МАЛВП.бр.37/2020, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања** по било кој основ.

4. Тужителот и Тужениот се откажуваат од правото на жалба на записник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-888/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
17.02.2021 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/7**
**19.02.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка (“Сл.весник на РМ” бр.79/05 ...124/10), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05........64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 17.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за судско порамнување**

**за судски предмет МАЛВП.бр.39/2020**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. **МАЛВП.бр.39/2020** каде како Тужител се јавува Јован Стојанов од Кавадарци со место на живеење на ул.Пано Цунов бр.26, застапувана од адвокат Петре Мишков од Кавадарци, а како тужена страна се јавуваат Општина Кавадарци застапувана од Градоначалникот М-р Митко Јанчев од Кавадарци и ЈП Комуналец Кавадарци застапувана од директор Ѓорѓи Поп-Ицов, преку полномошник Адвокат Никола Тодоров од Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 4-18, со број на лиценца 4161, e-mail: advokat@nikolatodorov.mk, со е- сандаче за судска достава: Nikola Todorov, со предмет на спор - Надомест на материјална штета, со вредност на спорот во вкупен износ од **41.000,00 денари**.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да го ополномошти адвокатот кој ја застапува Општина Кавадарци во овој предмет, да склучи судско порамнување со следната содржина:

”С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е

1. Тужителот преку полномошник Петре Мишков од Кавадарци го повлекува тужбеното барање спрема ЈП Комуналец Кавадарци а останува на тужбеното барање спрема Општина Кавадарци на име надомест на материјална штета во износ од 41.000,00 денари, кое се однесува на настаната поплава/излевање на вода од уличната фекална мрежа во подрумските простории на тужителот, детално опишана во архитектонското вештачење во списите на судскиот предмет.

2. Тужениот Општина Кавадарци, СОГЛАСНА Е со прецизираното тужбено барање на тужителот спрема Општина Кавадарци на име надомест на материјална штета во износ од 41.000,00 денари, и истовремено потврдува дека Е СОГЛАСНА овој износ да го исплати на сметка на тужителот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судското порамнување, зголемен за износот на трошоци на постапката во износ од 35.201,00 денари, а сето под страв на присилно извршување.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под бр. **МАЛВП.бр.39/2020, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања** по било кој основ.

4. Тужителот и Тужениот се откажуваат од правото на жалба на записник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-888/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.02.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 17.02.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1143/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.02.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

